# Периодичен извештај

## за застапеноста на детските права во работата на Собранието на РС Македонија
## 01 јули – 20 декември 2019 година

Автор: Томислав Гајтаноски

Скопје, декември 2019 година

Оваа публикација е финансирана од Владата на Шведска. Одговорноста за содржината целосно ја сноси авторот. Владата на Шведска не мора да ги споделува изразените ставови и толкувања.

**Содржина:**

1. Вовед........................................................................................................3

2. Методологија на прибирање податоци........................................................3

3. Генерален политички контекст...................................................................4

3.1. Состојба со детските права.....................................................................5

4. Законодавна постапка во македонското Собрание........................................6

5. Наоди од работата на Комисиите при македонското Собрание во однос на детски права........................................................................................................7

5.1. Комисија за образование, наука и спорт....................................................8

5.2. Комисија за здравство.............................................................................9

5.3. Комисија за труд и социјална политика....................................................10

6. Наоди од работата на Собранието на РСМ во однос на детски права.............11

7. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА...........................................................................19

## 1. Вовед

Овој извештај е подготвен во рамките на проектот „Да ги земеме правата во нашите раце“, спроведуван од Првата детската амбасада во светот МЕЃАШИ во партнерство со Save The Children. Проектот се спроведува во периодот од август 2017 – декември 2021 година и има цел да поддржи креирање на респонзивни системи за детска заштита следени од силна легислатива и воспоставени структури и механизми за соодветна примена на детските права.

Проектот предвидува следење на работата на Собранието на РС Македонија за периодот јули – декември 2019 година, со што се продолжува добрата практика при следење на работата на Собранието започната во 2017 година, а во однос на присуство на теми поврзани со детските права. Извештајот има за цел да направи преглед на нивото на претставување на детските права од страна на пратениците во согласност со Конвенцијата за правата на децата.

Утврдените наоди и заклучоци не преставуваат целосно отсликување на работата на Собранието, но имаат за цел да ги поттикнат пратениците, собраниските служби и останатите тела во функција на Собранието да стават поголем фокус на детските права во агендата на Собранието, а во согласност со Конвенцијата за правата на детето, ратификувана во 1993 година.

Понатаму, улогата на овој извештај не е само да ја покаже состојбата со примената на Конвенцијата во работата на македонското Собрание, туку во исто време да послужи како алатка за развивање на активности за застапување од страна на граѓанските организации пред Собранието како институција и пратениците во рамките на Собранието.

## 2. Методологија на прибирање податоци

Овој извештај претставува преглед на присуството на теми и прашања поврзани со детските права во Законодавниот дом. Методологијата подразбира квалитативна анализа на извештаи, стенографски белешки, предлог законски текстови, ниво на дискусии кои се однесуваат на децата, а се актуелизирани од страна на пратениците во Собранието во периодот од 01.07.2019 до 20.12.2019 година.

Извор на податоци за оваа квалитативна анализа се достапните материјали на официјалната интернет страница на Собранието. Беше анализирана работата на Собранието (пленарните седници) како и на следните собраниски комисии:

1. Комисија за образование, наука и спорт
2. Комисија за здравство
3. Комисија за труд и социјална политика

Преку анализата на документацијата, се оценува присутноста на детските права во работата на седниците на Собранието и комисиите од аспект на следните нивоа:

- Директно ниво: предметот на дискусија и работните материјали директно се однесуваат кон решавање на одредено право на детето
- Индиректно ниво: предметот на дискусија и работните материјали не се однесуваат директно на деца, но имаат индиректно влијание врз благосостојбата на децата

## 3. Генерален политички контекст

Собранието на РС Македонија е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт на Републиката. Собранието е еднодомно и во моментот е составено од 120 пратеници кои се избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање за мандат од четири години. Собранието ги донесува законите на седници, а потребното мнозинство за донесувањето на законите е утврдено со Уставот на РС Македонија.

На последните парламентарни избори, одржани на 11 декември 2016 година, партијата Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) и коалицијата, освои 51 пратеник, коалицијата СДСМ со помалите партии - освои 49 пратеници, додека Демократската унија за интеграција (ДУИ), освои 10 пратеници. Движењето БЕСА освои 5 пратеници, Алијансата за Албанците освои 3 пратеници, додека Демократската партија на Албанците освои 2 пратеника. Етничката застапеност на пратениците во Собранието ја рефлектира етничката структура на популацијата. Учеството на жените во Собранието е 38.3%.

Работата на Собранието се одвива преку вкупно 21 работно тело (комисии), 3 совети, Постојана анкетна комисија за заштита на слободата и правата на граѓанинот, Комитет за односи помеѓу заедниците, Клуб на пратенички, Клуб за младински прашања и политики, и 3 интер партиски парламентарни групи (за правата на лица со посебни способности; за правата на Ромите; и за правата на ЛГБТИ лицата). Пратеничките групи во Собранието имаат еден асистент на секои пет пратеници и секој пратеник има канцеларија со асистент на местото каде што е избран. Законодавниот процес има поддршка од информатички програми и

информатичка технологија. Работата на Собранието ја поддржува собраниската служба раководена од Генерален секретар, составена од 280 административни службеници организирани во 13 сектори и 3 посебни организациони единици кои опслужуваат 120 пратеници. Неодамна, Собранието го усвои Стратешкиот План за периодот 2020 – 2022 година.

Во периодот на известување, РС Македонија го продолжи своите напори кон евроатлантска интеграција. Еден од најбитните моменти во известувачкиот период е тоа што Советот на министри на Европската Унија не донесе одлука за одредување датум за почеток на преговорите со Македонија за влез во Унијата, во текот на октомври 2019 година. Веднаш по овој момент, лидерите на политичките партии донесоа одлука за предвремени Парламентарни избори во април 2020 година. Според тоа, работата на Парламентот ќе се распушти во првата половина на февруари 2020 година. Оваа ситуација сепак не влијаеше врз динамиката на телата на Собранието до крајот на известувачкиот период.

### 3.1. Состојба со детските права

Во однос на состојбата со детските права во Македонија, може да се каже дека сеуште делумно се почитуваат детските права. Според Извештајот на ЕУ за напредокот на Македонија, правната рамка за правата на детето генерално е во согласност со меѓународните стандарди. Меѓутоа, постојат бројни недостатоци во однос на нивната примена. Во Македонија сеуште постојат деца без евидентирано раѓање во матичните книги кои и натаму се надвор од системот, без пристап до правата и без обезбедена заштита. Меѓу нив има и деца на улица од семејства во ризик, кои државата не успева да ги вклучи во општеството, ниту да го превенира ризичното однесување.

Во сила е Стратегијата за образование 2018 – 2025 година, но сеуште не е донесен Акционен план за правата на детето, иако стариот план заврши во 2015 година (2006 – 2015). Во изминатиот период се развиваше нова Концепција за Граѓанско образование која дава поголем фокус на детските права. Меѓутоа, сè уште има ограничен напредок на најважната мерка за квалитетот на образовниот систем, а тоа е успехот на учениците што е потврдено со резултатите од ПИСА, кои укажуваат на понизок образовен успех во споредба со меѓународниот и регионалниот просек. Во образованието сеуште постои дискриминација меѓу децата и тоа најчесто во зависност од полот, поради пречки во развојот и поради други причини сè уште има голем број деца кои не посетуваат образование. Од друга страна, условите во училишните објекти се лоши, сè уште има несоодветен

кадар во училиштата, постои дискриминација по верска и етничка основа, како и по бојата на кожата. Во руралните средини има недостаток од детски градинки, а оние што се на непристапни места многу слабо се посетени. Пристапноста на детските градинки, меѓу другото е еден од проблемите за децата со попреченост.

Насилството помеѓу децата и младите сè повеќе зема замав во нашата држава. Се соочуваме и со други предизвици како што се заведување со цел злоупотреба, криминал преку интернет, врсничко насилство во училиште, експлоатација и институционално запоставување во детските домови. Според УНИЦЕФ, во нашата држава, 1 од 2 деца е физички казнувано. Дете кое е малтретирано, злоупотребувано без оглед во каква форма или запоставено нема основни услови за нормален опстанок, раст и развој, нема можност за безбеден живот. Посебно место зазема семејното насилство кое сè уште се одрекува дека постои.

Едно од клучните права на детето е правото на учество во процесите на донесување одлуки. Меѓутоа, децата недоволно добро ги познаваат своите права и сеуште суштински не учествуваат во процесите на донесување одлуки на училишно и општинско ниво. Основните и средните училишта сеуште не обезбедуваат доволно услови за суштинско учество на децата во сите процеси од училишниот живот. Тие сеуште не ги сметаат децата како партнер во донесувањето одлуки и како центар во образовниот процес. Поради тоа, децата и младите не се активни во училишниот живот и не добиваат поддршка за активирање од возрасните.

На 20 ноември 2019 година Собранието беше отворено за голема група деца кои упатија порака за поголемо внимание за детските права во Собранието во насока на одбележување на 30-годишнина од усвојувањето на Конвенцијата за правата на детето, што ја демонстрираше отвореноста на Собранието за слободното изразување на мислењето на децата.

## 4. Законодавна постапка во македонското Собрание

Собранието како носител на законодавната власт во Републиката, ги донесува законите на седници, а потребното мнозинство за донесувањето на законите е утврдено со македонскиот Устав.

Право да предлага донесување на закон има секој пратеник, Владата на РС Македонија и најмалку 10.000 избирачи (овластени предлагачи). Иницијатива за донесување закон до овластените предлагачи може да даде секој граѓанин, група граѓани, институции и здруженија.

Постапката за донесување на законите е уредена со Деловникот на Собранието. Согласно Деловникот, предлог законот овластените предлагачи го поднесуваат до Претседателот на Собранието кој веднаш, а најдоцна во рок од три работни дена од поднесувањето, го доставува до пратениците, во писмена или електронска форма, со што започнува законодавната постапка. Согласно Деловникот, законодавната постапка се одвива во три читања.

По исклучок законот може да биде донесен и по **итна постапка**. По итна постапка може да се донесе закон кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни и неодложни потреби.

Законот може да биде донесен и по **скратена постапка**. Предлагачот на предлогот на законот може да му предложи на Собранието да расправа по предлогот на законот по скратена постапка во случај кога: не е во прашање сложен и обемен закон, престанок на важноста на некој закон или одделни одредби од некој закон или не се во прашање сложени или обемни усогласувања на законот со правото на Европската унија.

Законите се прогласуваат со указ, кој го потпишуваат претседателот на Републиката и претседателот на Собранието. Претседателот на Собранието, веднаш по донесувањето, законот го доставува до претседателот на Републиката заради потпишување на указот за прогласување на законот. Претседателот на Републиката може да одлучи да не го потпише указот за прогласување на законот. Во тој случај, Собранието повторно го разгледува законот во фаза на трето читање, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на законот и доколку го усвои со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, претседателот на Републиката е должен да го потпише указот. Претседателот е должен да го потпише указот и за прогласување на законите кои се донесени со двотретинско мнозинство. Пред да влезат во сила, законите се објавуваат во “Службен весник на РС Македонија”. Законите се објавуваат најдоцна во рок од седум дена од денот на нивното донесување.

## 5. Наоди од работата на Комисиите при македонското Собрание во однос на детски права

Во рамките на овој извештај се анализираше работата на три Собраниски комисии, и тоа: Комисијата за образование, наука и спорт; Комисијата за

здравство и Комисијата за труд и социјална политика. Анализата опфаќа проценка на директна или индиректна поврзаност на темите кои биле предмет на работа и дискусија во рамките на комисиите, како и содржината на предлог законските решенија низ призмата на детските права во согласност со Конвенцијата за правата на детето.

### 5.1. Комисија за образование, наука и спорт

Комисијата за образование, наука и спорт при Собранието, во известувачкиот период одржа вкупно 8 седници (33, 34, 35, 36, 37, 38, 39 и 40). На седниците се разгледуваа вкупно 9 предлог закони следејќи ја законодавната постапка опишана погоре и 2 статутарни одлуки.

Правата на детето се третирани на 5 седници (од кои една јавна расправа), и тоа во следните предлог законски измени:

Предлог - закон за основното образование[1]

Овој предлог закон има широк обем на опфат на детските права имајќи предвид дека целна група се децата на возраст од 6 – 14 години. Во овој закон фокус е ставен на член 28 од Конвенцијата за правата на детето кој директно укажува на правото на пристап до образование, како и Член 29 кој директно укажува на правото на квалитетно образование. За прв пат во образовната легислатива се третира детското учество односно правото слободно да се изрази своето мислење (член 12) и правото на слобода на здружување (член 15) со што се унапредува учеството на децата во процесите на донесување одлуки во образовниот процес. Исто така, голем фокус во законот се става и на инклузијата на децата со попреченост (член 23), недискриминација (член 2) и превенција од насилство (Член 19). Законот беше усвоен од Собранието на 29 јули 2019 година[2].

Предлог – закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта[3]

Со овој закон пратениците директно го таргетирале квалитетот на образование во согласност со член 29 од Конвенцијата. Исто така, со Законот се опфаќа и можноста учениците да бидат консултирани при евалуацијата на перформансите на наставниците (член 12). Законот беше усвоен од Собранието на 29 јули 2019 година[4].

[1] I читање, седница бр. 33, 18 јули; јавна расправа, седница бр. 34, 26 јули; II читање, седница бр. 35, 29 јули
[2] Седница бр. 109
[3] I читање, седница бр. 33, 18 јули; II читање, седница бр. 35, 29 јули
[4] Седница бр. 109

Предлог-закон за изменување на Законот за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование[5]

Овој предлог закон индиректно се однесува на правото на квалитетно образование со тоа што целта на Законот е одлагање на примена на специфични одредби, кој што е во согласност со примената на усвоениот.

Предлог на закон за младинско учество и младински политики (поднесен од група пратеници)[6]

Овој Предлог закон ги дефинира младите како лица на возраст од 15 – 29 години, со што директно ти вклучува и децата. Законот директно го адресира правото на слобода на изразување на своето мислење (член 12) преку учество во локални младински совети како форма за младинско учество во општините.

## 5.2. Комисија за здравство

Комисијата за здравство при Собранието во известувачкиот период одржа вкупно 8 седници (15, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31 и 32). На седниците се разгледуваа вкупно 23 предлог закони. Правата на детето се индиректно третирани на 3 седници, и тоа во следните предлог закони:

Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување[7]

Овој Предлог закон ги вклучува и корисниците на гарантирана минимална помош кој ги споменува децата со пречки во развојот и со специфични потреби за кое се користи право на посебен додаток согласно Законот за заштита на децата, со што се применува правото на најдобар интерес на детето (член 3), член 23 (право на посебна нега на децата со пречки во развојот) и член 24 (право на здравствена заштита) од Конвенцијата за правата на детето .

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, по скратена постапка (поднесен од група пратеници)[8]

Овој предлог текст индиректно ги опфаќа децата како корисници на здравствена заштита, во член 30 од предлог законот, каде се одредува опфатот на здравствена дејност на примарно ниво во однос на спроведување на програми и превентивни

[5] I читање, седница бр. 36, 27 август
[6] I читање, седница бр. 39, 10 декември
[7] II читање, седница бр. 15, 10 декември
[8] II читање, седница бр. 31, 13 декември

мерки за деца и млади, однесувајќи се на примена на правото на здравствена заштита (член 24 од Конвенцијата за правата на детето)

<u>Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за санитарната и здравствена инспекција</u>[9]
Со предложената измена и дополнување на Законот за санитарната и здравствената инспекција се врши и усогласување со „Законот за инспекциски надзор“ во однос на надзорот и на безбедноста на детските играчки во производство и промет, со што индиректно се применува правото на најдобар интерес на детето (член 3 од КПД).

### 5.3. Комисија за труд и социјална политика

Комисијата за труд и социјална политика при Собранието, во известувачкиот период одржа вкупно 10 седници (46, 47, 48, 49, 50, 51, 52, 53, 54 и 55). На седниците се разгледуваа вкупно 8 предлог закони следејќи ја законодавната постапка опишана погоре, се разгледуваше еден извештај и се одржа една јавна расправа.

Правата на детето се третирани на 3 седници (од кои една јавна расправа), и тоа во следните предлог законски измени:

<u>Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка (поднесен од група пратеници)</u>[10]
Со овој Предлог закон индиректно се опфаќа правата на детето во однос на висина на правото на надоместок на плата за скратено работно време на родителот поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања. Според тоа, индиректно се опфаќа член 23 од КПД (право на посебна нега на деца со пречки во развојот).

<u>Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка (поднесен од група пратеници)</u>[11]
Со овој Предлог закон директно се третираат правата на детето преку правото на еднократна парична помош за новороденче. Според тоа, се опфаќа член 27 од КПД кој се однесува на право на животен стандард на детето преку обезбедување на помош на родителите.

---

[9] I читање, седница бр. 32, 19 декември
[10] II читање, седница бр. 47, 10 јули
[11] II читање, седница бр. 47, 10 јули

Јавна расправа на тема: Предлог-законски измени за воведување на заедничко родителство по развод[12]

На оваа расправа директно се дискутираше правото на најдобар интерес на детето (член 3 од КПД) како и правото на заедничка одговорност во подигање и развојот на детето (Член 18 од КПД) содржан во Законот за семејство. Имено, расправата била на барање на Граѓанската иницијатива за воведување на заедничко и одговорно родителство по разводот која иницира измени во Законот за семејство застапувајќи се заедничкото родителство да важи по сила на закон, независно дали родителите можат да постигнат меѓусебен договор. Нивниот предлог е наместо сегашниот застарен еднородителски систем со кој државата во голема мерка го исклучува едниот родител од животот на децата по разводот, да се воведе заедничко родителство по развод.

Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка[13]

Овде директно се третира принципот на најдобар интерес на детето (Член 3 од КПД) во однос на можноста на бремена жена еден месец пред породувањето и самохран родител до тримесечна возраст на детето, да може да се смести и во установа за деца. Исто така, се дискутира за допрецизирање на основата за предметот на подзаконскиот акт за поблиските критериуми за избор на згрижувачко семејство.

Предлог - закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка[14]

Овој Предлог закон директно го третира правото на најдобар интерес на детето во однос на поддршка од државата на децата кои се во згрижувачки семејства и правото на остварување на детски додаток, условите во детските градинки / центри за ран детски развој.

## 6. Наоди од работата на Собранието на РСМ во однос на детски права

Во периодот од 01 јули – 20 декември 2019 година, беа одржани 20 седници на македонското Собрание, од кои на 4 седници се поставуваа пратенички прашања (104, 106, 107, 108, 109, 110, 111, 112, 113, 114, 115, 116, 117, 118, 119, 120, 121, 122, 123, 125). Во овој извештај се анализираа стенографските белешки со цел да се утврди директна или индиректна поврзаност на дискусиите со области од

[12] Седница бр. 53, 06 ноември
[13] II читање, Седница бр. 55, 13 декември
[14] II читање, седница бр. 55, 13 декември

детските права. Во согласност со анализата, на 10 од 20 седници се дискутирало за области кои директно или индиректно ги засегаат правата на детето. Овие 10 седници ги вклучуваат сите седници на кои се поставуваат пратенички прашања. Подолу се наведени седниците на кои се дискутирале одредени правата на детето:

- **104 седница на Собранието на РС Македонија (09 јули; прво продолжение на 10 јули)**

На оваа седница пратениците дискутирале Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка (поднесен од пратениците Милева Ѓоргиева, Агим Шаќири, Реџеп Мемеди, Мирослав Јовановиќ, Јусуф Хасани и Анета Симеска Димоска) и Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка (поднесен од пратениците Милева Ѓоргиева, Агим Шаќири, Реџеп Мемеди, Мирослав Јовановиќ, Јусуф Хасани и Анета Симеска Димоска).

Според предлогот и дискусијата, со Предлог законот за измена и дополнување на Законот за социјална заштита, се овозможува усогласување на правото за надоместок на плата на скратено работно време на родители кои што се грижат за деца, односно лица со посебни потреби. Што значи, лицето кое што работи скратено работно време, родител кој што се грижи за дете и кое што добива надомест од работодавачот во износ на половина плата, сега ќе добива надомест од државата во износ кој што не е повисок од 50% од просечната плата. Предлогот беше усвоен од страна на Собранието. Со оваа дискусија индиректно се третира правото на целосен и достоен живот на децата со попреченост од КПД (Член 23).

Во однос на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, текстот беше образложен од страна на предлагачите наведувајќи дека со предложените измени и дополнувања на Законот за заштита на децата се овозможува и на лицата со завршено четиригодишно средно образование кои до денот на влегување во сила на Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, 23 мај 2019 година, се стекнале со важечки лиценци за негователи, да можат да се вработуваат и унапредуваат во јавна установа за деца под исти услови како и лицата со утврдениот вид на образование во донесените измени на Законот во однос на вработување и унапредување, како и да можат да се вработуваат и во приватни установи за деца на работно место неговател, под исти услови како и лицата согласно донесените измени на законот, како и да ја продолжуваат, обновуваат лиценцата за работа. Фокусот на дискусијата беше насочен кон недостатоциите со кои се соочуваат детските установи. Предлогот на

пратениците е усвоен. Со оваа дискусија индиректно се третира најдобриот интерес на детето (Член 3).

- **106 седница на Собранието на РС Македонија (23 јули; прво продолжение на 24 јули; второ продолжение на 26 јули)**

На оваа седница се дискутираше предлог Законот за дополнување на Законот за правда за децата, по скратена постапка (поднесен од пратениците Зоран Илиоски, Никола Мицевски, Реџаиљ Исмаили, Ане Лашкоска, Сенжана Калеска Ванчева, Јулијана Николова, Јагода Шахпаска, Мирослав Јовановиќ, Јусуф Хасани, Жаклина Лазаревска, Анета Симеска Димоска и Зеќир Рамчиловиќ), Предлог на закон за основното образование (прво читање), Предлог на закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (прво читање) и Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на правата на пациентите (прво читање).

Во однос на Законот за дополнување на Законот за правда за децата, предлагачите образложија дека целта на измената е сите општини т.е. градоначалници да бидат обврзани да воспостават Совет за превенција на детско престапништво. Според предлагачите, причината за овој предлог закон е дека повеќе од 80% од општините го немаат оформено општинскиот совет за превенција од детско престапништво. Предлогот на пратениците беше усвоен. Овде индиректно се третира Член 40 од Конвенцијата за правата на детето, а се однесува на правото на секое дете кое е обвинето или признато дека го прекршило законот, со него да се постапува на начин со кој се поттикнува почитување на основните права и слободи.

Понатаму, Предлог на закон за основното образование (прво читање), беше најпрво образложен од страна на Министерот за образование и наука. По образложениеto, диксусијата беше воглавно насочена кон изводливоста на законот со фокус на инклузијата во основното образование. Законот предвидува мерки за недискриминација, спречување на насилства и девијантни појави, учество на децата во донесување одлуки како и почитување на мултикултурализмот. Во рамките на оваа седница, беше усвоен Заклучок за прифатливост на Законот и за натамошно второ читање. Со оваа дискусија директно се адресираат член 28 и 29 (пристап до и квалитет на образование) од Конвенцијата за правата на детето.

Следен за дискусија беше Предлог на закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта (прво читање) кој исто така

првично беше образложен од страна на Министерот за образование и наука. Исто како и претходно, беше усвоен заклучок за прифатливост на законот и за натамошно второ читање. Со оваа дискусија директно се адресираат член 28 и 29 (пристап до и квалитет на образование) од Конвенцијата за правата на детето.

Понатаму се дискутираше во однос на Предлог на закон за изменување и дополнување  на Законот за заштита на правата на пациентите (прво читање). Меѓу другото, во дискусијата беше споменат и недостатокот на вакцина за ДиТеПер и капки Полио кои што треба да ја примат децата на 7-годишна возраст. Со ова директно се третира член 24 од КПД.

- **107 седница на Собранието на РС Македонија (25 јули, пратенички прашања)**

Во рамките на оваа седница, беше поставено прашање до Министерот за здравство во однос на тоа дали во државата ги има сите вакцини по сите вакцинални пунктови, имајќи ја предвид епидемијата од морбили. Беше даден одговор од Министерот, при што беше спомената и модернизацијата на календарот за вакцини со што Вакцини за примовакцинација има во сите вакцинални пунктови (нови модернизирани вакцини, за вакцини од Ди Те Пер и Полио кои што се ин активни). Со оваа дискусија се адресира член 24, односно правото на детето на здравствена и медицинска заштита.

Потоа беше поставено прашање до Министерството за труд и социјална наука, во однос на питачење на децата во Град Скопје. На ова прашање одговори Заменик министерот за труд и социјална политика, при што ги напомена мерките за адресирање на оваа појава, а со тоа адресирајќи го член 36 од КПД, кој се однесува на заштита на детето од облици на експлоатација штетни за детето.

- **109 седница на Собранието на РС Македонија (30 јули)**

На оваа седница фокус беше дополнетиот Предлог на закон за основното образование (второ читање) во однос на амандманите на одредени членови. Текстот беше образложен од страна на Министерот за образование и наука. Дискусијата беше насочена кон критики на позицијата во однос на намалениот број на запишани ученици како и во однос на државното тестирање. По диксусијата, Собранието го донесе Законот за основното образование. Понатаму Собранието го донесе Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта (немаше дискусија за овој Закон). Со усвојувањето на овие два закони, е направен голем чекор во однос на позитивни промени во однос на застапеноста и примената на детските права. Како што е погоре наведено, овде

фокусот е ставен на правото на пристап и квалитет на образование (член 28 и 29 од КПД).

- **113 седница на Собранието на РС Македонија (03 октомври, пратенички прашања)**

На оваа седница, од аспект на детските права, дискусија беше забележана во полето на образованието и здравството (Член 24 и 28 од КПД).

На седницата беше дискутирана ситуацијата со нерешениот проблем во однос на неприсуство на сите деца на училиште и еден месец по започнување на учебната година, со фокус на Општина Гази Баба поради неможноста на учениците да учат на свој мајчин јазик.

Беше поставено прашање и до Министерот за образование и наука (за кое се побара писмен одговор) во однос на тоа зошто изборниот предмет јазик и култура на Србите не е воведен во сите одделенија во основно и средно училиште, туку само во трето одделение во основно училиште кога со Уставот и законите во РС Македонија е загарантирана наставна програма на српски јазик во основно и средно училиште. Исто така, беше поставено второ прашање кога ќе бидат испечатени сите учебници на српски јазик за основно училиште изборен предмет јазик и култура на Србите и учебници за средно училиште за настава на српски јазик.

До Министерот за образование и наука исто така беше поставено прашање дали има дискриминација во однос на децата кои не се запишани во прво одделение поради тоа што не се вакцинирани. Од страна на Министерот беше одговорено дека постои одредба во Законот за основно образование според која при запишување на децата во основно образование, прво одделение, родителите треба да достават задолжително потврда дека нивното дете примило вакцини кои што се задолжителни, утврдени со закон.

Понатаму беше поставено прашање до Министерот за здравство во однос на приватно јавно партнерство во болницата Филип Втори за детска кардиохирургија на што беше одговорено од страна на Министерот.

- **114 седница на Собранието на РС Македонија (07 октомври; прво продолжение на 08 октомври; второ продолжение на 09 октомври; трето продолжение на 10 октомври; четврто продолжение на 21**

**октомври; петто продолжение на 22 октомври; шесто продолжение на 01 ноември)**

На оваа седница фокус беше дискусија за Предлог буџетот на РС Македонија. Во текот на дискусијата неколку пати како дел од Предлог буџетот беше споменато кратењето на буџетот за образование – беа спомнати инфраструктурни проекти во образованието, отварање на детските градинки, печатење на учебници за учениците, инклузијата во образованието. Исто така, се дискутираше и за загадениот воздух и за мерките кои треба или се предвидени да се спроведат.

- **116 седница на Собранието на РС Македонија (05 ноември; прво продолжение на 06 ноември; второ продолжение на 07 ноември; трето продолжение на 13 ноември; четврто продолжение на 14 ноември; петто продолжение на 20 ноември; шесто продолжение на 21 ноември)**

На оваа седница, иако имаше точки кои вклучуваат детски права, немаше дискусија по нив. Беше изгласан Предлог за избор за член на Државниот совет за превенција на детско престапништво. Потоа исто така, Собранието го усвои предложениот заклучок за прифатливост на Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за правда за децата, прво читање и дека може да се даде на натамошно, односно на второ читање. Индиректно е опфатен член 40 од КПД.

- **117 седница на Собранието на РС Македонија (31 октомври, пратенички прашања)**

На оваа седница, од аспект на детските права, дискусија беше забележана во полето на образованието (Член 28 и 29 од КПД).

На оваа седница беше поставено прашање до Заменичката министер за образование, наука и спорт, во однос на тоа кои се финансиските проекции за 2020 година во однос на прашањето на платите на наставниците во основното и средното образование, на што беше одговорено од Заменичката.

Потоа беше поставено прашање до Министерот за образование и наука, во однос на недостигот од превоз на учениците од руралните места од помалите општини до општина Битола (превозник се уште не е избран). Ова прашање беше одговорено од Министерот за образование и наука.

Беше поставено и прашање до Премиерот на РС Македонија во однос на доградба на училници во Гимназијата Кирил Пејчиновиќ во Тетово, на што беше одговорено од страна на Премиерот.

- **121 седница на Собранието на РС Македонија (28 ноември, пратенички прашања)**

На оваа седница се дискутираше во однос на обезбедување чист воздух – прочистувачи за воздух во училиштата. Понатаму беше поставено прашање до Министерот за образование и наука во однос на реализацијата за математичката гимназија (центри каде што талентираните ученици ќе може да одат на обуки). Одговор на ова прашање даде Заменик министерката за образование и наука.

- **123 седница на Собранието на РС Македонија (11 декември; прво продолжение на 12 декември; второ продолжение на 17 декември; трето продолжение на 18 декември)**

На оваа седница се дискутираше Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата како и Предлог на закон за младинско учество и младински политики (прво читање).

Со Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата беше образложено дека се врши зголемување на прагот на пристапот за остварување на правата на детски додаток и додатокот за образование и тоа од 6.000 денари на 6.800 денари кој ќе се зголемува за секој член на домаќинство за коефициентите од еквивалентната скала. Исто така се дискутираше за подигнување на квалитетот на кадарот за раниот развој на децата.

Понатаму, на оваа седница се дискутираше и Предлог на закон за младинско учество и младински политики, прво читање; (Поднесен од: Ивана Туфегџиќ, Мери Лазарова, Слаѓана Митовска, Невенка Стаменковска Стојковски, Агим Шаќири, Теута Биљали, Нола Исмајлоска Старова, Реџеп Мемеди). Беше објаснето од предлагачите дека со Законот, младите се категорија на лица на возраст од 15 – 29 години (што ги опфаќа и децата на возраст од 15 – 18 години). Со Предлог законот се третира правото на учество и организирање од страна на децата и младите. Беше усвоен заклучок за прифатливост на Предлогот и дека може да се даде на натамошно, односно на второ читање.

**Табела 1: Квантитативен преглед на застапеност на детски права во Собраниски Комисии**

| **Работно тело** | Вкупен број на седници | Број на седници за детски права | Вкупен број на закони | Број на закони за детски права | Членови од КПД кои се третирани |
|---|---|---|---|---|---|
| Комисија за | 8 | 5 | 9 | 4 | 2, 12, 15, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| образование, наука и спорт | | | | | 19, 23, 28, 29 |
| Комисија за здравство | 8 | 3 | 23 | 3 | 3, 23, 24 |
| Комисија за труд и социјална политика | 10 | 3 | 8 | 5 | 3, 18, 23, 27, |
| **Вкупно** | **26** | **11** | **40** | **12** | **11** |

**Табела 2: Квантитативен преглед на застапеност на детски права во Пленарни седници на Собранието**

| **Собрание на РС Македонија** | Вкупен број на седници | Број на седници со теми за детски права | Број на точки / прашања за детски права | Членови од КПД кои се третирани |
|---|---|---|---|---|
| Пленарни седници | 16 | 6 | 14 | 3, 12, 15, 23, 24, 28, 29, 40, |
| Пратенички прашања | 4 | 4 | 11 | 24, 28, 29, 36, |
| **Вкупно** | **20** | **10** | **25** | **9** |

## 7. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

- ✓ Во текот на периодот 01 јули – 20 декември 2019 година, Собраниските комисии кои беа предмет на оваа анализа (Комисија за образование, наука и спорт; Комисија за здравство; и Комисија за труд и социјална политика) одржале вкупно 26 седници, третирајќи вкупно 40 предлог закони, што укажува на висока фреквенција на функционалност на комисиите. Најмногу седници одржала Комисијата за труд и социјална политика (вкупно 10).

- ✓ Комисиите имаат задоволително ниво на застапеност на детските права во нивната работа во известувачкиот период. Според анализата, на вкупно 11 седници се дискутирало за детските права (42%), од кои само на 7 седници се дискутирало директно за детските права (27%). Понатаму, детските права биле вклучени во 12 предлог закони од вкупно 40 (30%). Директно, детските права биле застапени во 6 предлог закони од вкупно 40 (15%).

- ✓ 4 предлог закони од вкупно 12, биле поднесени од група на пратеници, од кои 3 се предлог закони за изменување и дополнување на закони по скратена постапка а само 1 е предлог закон (Закон за младинско учество и младински политики).

- ✓ Комисијата за труд и социјална политика како и Комисијата за образование, наука и спорт во најголем дел, директно ги третираат детските права, за разлика од Комисијата за здравство каде индиректно се адресираат детските права. Најголем напредок при примена на детските права може да се забележи во Законот за основно образование.

- ✓ Собранието дискутирало за детски права на 10 од 20 седници (50%) кои се одржале во периодот на известување. Од вкупно 25 точки т.е. прашања кои се однесувале на детските права во рамките на работата на Собранието, 15 се однесувале директно на детските права. За детските права директно се дискутирало на сите седници на кои се поставувале пратенички прашања.

- ✓ Фокусот на пратенички прашања кои ги засегаат детските права е образованието (8 од 11 прашања се однесувале на образованието), што е промена во споредба со претходните периоди во рамките на Собранието.

- ✓ За прв пат во Собранието се донесуваат закони кои овозможуваат системски услови за практикување на учеството на децата и младите преку

Законот за основно образование и Законот за младинско учество и младински политики.

- ✓ Во текот на работата на Собранието, често се споменува загадувањето на воздухот во државата а посебно во Скопје, имајќи предвид дека е состојба која негативно влијае на квалитетот на животот на децата.

- ✓ Предлог законските текстови опфатиле вкупно 13 членови од Конвенцијата за правата на детето и тоа:
    - Правото на недискриминација на детето (член 2)
    - Правото на најдобар интерес на детето (член 3)
    - Правото на слободно изразување на сопственото мислење (член 12)
    - Правото на детето на слобода на здружување (член 15)
    - Правото на детето на заедничка одговорност во подигање и во развојот на детето од двајцата родители (член 18)
    - Право на заштита од сите облици на насилство (член 19)
    - Право на целосен и достоен живот на децата со попреченост (член 23)
    - Право на детето на здравствена и медицинска заштита (член 24)
    - Право на животен стандард адекватен на развојот на детето (член 27)
    - Право на образование на детето (член 28)
    - Право на квалитет на образованието (член 29)
    - Право на заштита од облици на експлоатација штетни за детето (Член 36)
    - Право на детето да се почитуваат неговите основни права и слободи при водење на постапка за прекршен закон (Член 40)

- ✓ **Граѓанските организации треба да ја унапредат комуникацијата со пратениците и Собраниските комисии во насока на обезбедување на поддршка и доедукација за одредени теми кои се актуелни во работата на Собранието.**

- ✓ **Граѓанските организации кои работат на детските права, треба да се насочат кон зајакнување на застапувањето кон клучните чинители на национално ниво**

- ✓ **Собранието т.е. пратениците во Собранието да го подобрат процесот на консултации со граѓанските организации во насока на приоретизирање и интегрирање на најдобриот интерес на детето и влијанието врз**

**добростојбата на детето при развивање на секој предлог закон и секоја дискусија во рамките на Собранието.**

- **Политичките партии суштински да вградат мерки за подобрување на правата на детето во рамките на нивните политички изборни програми за Предвремените парламентарни избори во 2020 година.**

- **Министерството за образование и наука да го забрза процесот на подготовка и поднесување на Предлог законот за средно образование, обезбедувајќи го правото на учество и организирање на учениците по примерот на Законот за основно образование**

- **Министерството за труд и социјална политика да предложи измени и дополнување на Законот за семејство во насока на воведување заедничко родителство по развод со цел да се примени правото на најдобар интерес на детето**